ХОТЕЛСКО-УГОСТИТЕЛСКО
АКЦИОНЕРСКО ДРУШТВО
"ОХРИДТУРИСТ"
Бр. 02-4412
17.03.2026 год.
ОХРИД

Врз основа на член 71 од Статутот на АД ОХРИДТУРИСТ – ОХРИД, Одборот на директори на друштвото на седницата одржана на ден 17.03.2026 година ја донесе следната:

О Д Л У К А

За усвојување на годишни извештаи и материјали за работењето
на АД ОХРИДТУРИСТ – ОХРИД за 2025 година

1.СЕ УСВОЈУВААТ сите годишни извештаи со придружните материјали за работење на АД ОХРИДТУРИСТ – ОХРИД во 2025 година и тоа:

- Годишен извештај за работењето на АД ОХРИДТУРИСТ Охрид во 2025 година завршна сметка и резултатите од работењето поднесен од Генералниот директор
- Извештај од Ревизорската куќа МУР СТИВЕНС ДОО Скопје за ревизија на годишна пресметка и финансиските извештаи за работење во 2025 година,
- Извештај на службата за внатрешна ревизија за 2025 година
- Извештај за работење од Одборот на директори за 2025 година и
- Започнување постапка за избор на Ревизорска кука за ревизија на годишната пресметка, финансиски извештаи и Годишен извештај за работење на АД ОХРИДТУРИСТ Охрид за 2026 година

2.Составен дел на оваа одлука се годишните извештаи со придружни материјали од точка 1 на оваа Одлука.

3. Усвоените годишни извештаи и придружни материјали за работење на АД ОХРИДТУРИСТ–ОХРИД за 2025 година се доставуваат на разгледување, одлучување и донесување на Годишното Собрание на акционерите на АД ОХРИДТУРИСТ – ОХРИД.

4. Во постапката за избор на Ревизорска кука за ревизија на годишната пресметка, финансиските извештаи и Годишниот извештај за работење на АД ОХРИДТУРИСТ ОХРИД за 2026 година Генералниот директор да прибави три понуди на ревизорски куќи од кој ќе се изврши избор на Ревизорска кука која ќе врши ревизија на годишната пресметка, финансиските извештаи и Годишниот извештај за работење на АД ОХРИДТУРИСТ Охрид за 2026.

5. Одлуката влегува на сила веднаш со донесувањето.

ОДБОР НА ДИРЕКТОРИ
Претседател
Искра Клинкарова